# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НАИНВАЛИДНИ ЛИЦА

**(Службен весник бр.16/04)**

Член 1

Во Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/2000), а во членот 1 по зборот "вршат" зборовите: "професија или" се бришат, а по зборот "дејност" запирката се брише и се додаваат зборовите: "како трговец поединец", во шестиот ред по зборот "лица" се додаваат зборовите: "- заштитно друштво".

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

"Инвалидно лције, во смисла на овој закон, е лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со лесни пречки во психичкиот развиток, лице со комбинирани пречки и лице со психози кое поради степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето.

Инвалидноста врз основа на поднесено барање од инвалидно лице ја утврдува комисија за оцена на работната способност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во натамошниот текст: Фондот), освен ако инвалидноста на лицето не е утврдена од друг надлежен орган".

Член 3

Во членот 4 став 1 алинеја 1 зборовите: "и адаптација на работното место" се заменуваат со зборовите: "со адаптација на работното место на кое ќе работи инвалидното лице доколку е потребна набавка на опрема, доградба и адаптација на работниот простор според критериумите и на начин утврден со акт на министерот за труд и социјална политика.

Член 4

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

"Член 4-а

Работодавец не може да вработи или да распореди од едно на друго работно место инвалидно лице кое за тоа работно место не ги исполнвуа општите и посебните услови, односно кое не е оспособено за вршење на работите на работно место.

Инвалидно лице на кое му е одземена деловната способност не оже да биде работодавец или да врши работа на одговорно лице кај работодавец".

Член 5

Во членот 5 пред став 1 се додава нов став 1, кој гласи:

"Работодавецот пред да отпочне да врши дејност, од надлежните органи треба да прибави решенија дека работните и помошните простории и опремата ги исполнуваат минимално-техничктие услови и пропишаните мерки, нормативи и стандарди за вршење на соодветна дејност".

Ставот 1 станува став 2.

Член 6

Членот 6 се менува и гласи:

"Средствата з создавање посебни услови и погодности за вработување и работењена инвалидните лица со адаптација на работното место, набавка на опрема, доградба и адаптација на работниот простор, се обезбедуваат од Посебниот фонд за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидните лица (во натамошниот текст: Посебен фонд)".

Член 7

Во членот 7 став 1 зборовите: "со оштетен вид, со оштетен слух, телесно инвалидно лице, лице со пречки во психичкиот развиток, лице со комбинирани пречки и лице со психози на кое заради видот и степенот на попреченоста му е утврдена специфична потреба при работењето" се заменуваат со зборовите: "кај кое е утврдена инвалидност во смисла на членот 2 став 1 од овој закон".

Член 8

Во членот 8 по зборовите: "професија или" се бришат, а по зборот "дејност" запирката се брише и се додаваат зборовите: "како трговец поединец".

Член 9

Во членот 9 став 1 зборовите: "Оштетен вид, со оштетен слух, телесно инвалидни лица, лица со пречки во психичкиот развиток, лица со комбинирани пречки и лица со психози кои поради степенот

на оштетувањето имаат специфични потреби при вработувањето и работењето" се заменуваат со зборовите: "утврдена инвладиност во смисла на членот 2 став 1 на овој закон".

Член 10

Членот 12 се менува и гласи:

"Работно оспособување, во смисла на овој закон, е оспособување на инвалидното лице за практична работа за определени работи согласно со потребите на работодавецот и инвалидното лице.

Невработеното инвалидно лице на работно оспособување заради вработување кај работодавецот го упатува Заводот за вработување на Република Македонија (во натамошниот текст: Заводот).

Вработеното инвалидно лице, кое не е оспособено за вршење на соодветни работи, на работно сопособување го упатува работодавецот.

Работното оспособување може да се врши кај работодавецот и кај друг работодавец според посебни програми, под услови и на начин утврдени со акт на Заводот".

Член 11

По членот 12 се додава нов член 12-а, кој гласи:

"Член 12-а

Вработување на инвалидно лице се врши од редот на евидентирани невработени инвалидни лица во Заводот.

Инвалидното лице може да се вработи на работно место за кое има образование за соодветно занимање, односно може да се вработи или прераспореди и на друго работно место ако ги исполнува општите и посебните услови или е оспособено за вршење на работите на тоа работно место".

Член 12

Во членот 13 по зборовите: "потребни за" се додаваат зборовите: "работа на Комисијата од членот 2 став 2 на овој закон и".

Член 13

Во членот 15 став 1 по зборот "опрема" зборовите: "инструменти, апарати, резервни делови и алати" се заменуваат со зборовите: "доградба и адаптација на работен простор".

По ставот 1 се додава нов став 2, којг ласи:

"За извршување на функциите на Посебниот фонд во текот на една календарска година можат да се потрошат најмногу до 2% од вкупните средства со кои располага Посебниот фонд".

Ставот 2 станува став 3, а ставот 3 станува став 4.

Член 14

Во членот 16 ставот 1 се менува и гласи:

"Инвалидно лције кое самостојно врши дејност како трговец-поединец, заштитно друштво и друго правно лице, поднесува барање за доделување на средства од Посебниот фонд до Управниот одбор на Заводот".

Во ставот 4 по зборот "опремата" зборовите: "инструментите, апаратите, алатите и резервните делови" се заменуваат со зборовите: "доградбата и адаптацијата на работниот простор во зависност од техничко-технолошкиот процес".

Во членот 16 ставот 5 се брише.

Член 15

По членот 16 се додаваат два нови члена 16-а и 16-б, кои гласат:

"Член 16-а

Средствата од Посебниот фонд се доделуваат како неповратни за:

1) вработување на инвалидно лице на неопределено време во висина од 20 просечни плати исплатени во Република Македонија за претходниот месец пред вработувањето, односно 30 просечни плати исплатени во

Република Македонија за претходниот месец пред вработувањето за вработување на слепо лице со оштетување на видот над 97% и телесно инвалидно лице со телесно оштетувње над 90%;

2) адаптација на работно место во висина до 30 просечни плати исплатени во Република Македонија за претходниот месец пред пдонесувањето на барањето и истите можат повторно да се користат ако тоа го налагаат промените на техничко-технолошкиот процес или видот и степенот на инвалидноста на инвалидното лице;

3) набавка на опрема во висина до 50 просечни плати исплатени во Република за претходниот месец пред поднесувањето на барањето, согласно со бројот на ново вработени инвалидни лица и критериумтие утврдени со актот од членот 3 на овој закон и

4) доградба и адаптација на работниот простор во зависност од техничко-технолошкиот процес во висина до 50 просечни плати исплатени во Република Македонија за претходниот месец пред поднесувањето на барањето, согласно со бројот на ново вработени инвалидни лица и критериумтие утврдени со актот од членот 3 на овој закон.

Средствата од ставот 1 точка 3 и 4 на овој жлен не може повторно да се користат пред истекот на три години од претходно одобрените средства од Посебниот фонд.

Подносителот на барањето може да користи средства од Посебниот фонд за намените од ставот 1 точки 1,3 и 4 на овој член под условите утврдени во Законот, ако деловно е активен, има позитивен бонитет издаден од надлежна институција и редовно исплатува плата и уплатува даноци и придонеси од плата за последните девет месеци сметано од денот на вработувањето на инвалидното лице.

Работодавецот е должен на работникот да му исплатува плата согласно со закон и колективен договор, заедно со платата да пресметува и уплатува пропишани придонеси и данок од плата, а платата да му ја исплаќа преку тековна сметка или штедна книшка.

Средствата од ставот 1 точка 2,3 и 4 на овој член може да се користат исклучиво за намената за која се доделени.

Начинот на уплатата на доделентие средства на работодавецот од Посебниот фонд се врши на начин утврден со актот од членот 3 на овој закон.

Член 16-б

Ако на вработеното инвалидно лице за кое се користени средства му престане работниот однос по која било основа или работодавецот го намалил бројот на вкупно вработените инвалидни лица на неопределено време, истиот е должен во рок од осум дена од денот на настанатата промена да го извести Заводот.

Ако на инвалидното лице за кое се користени средства му престане работниот однос пред истекот на рокот од три години од денот на вработувањето, освен по сила на закон или во случај на смрт, корисникот на средства е должен во рок од три месеци на неговото место да вработи друго инвалидно лице без право повторно да користи средства за вработување на инвалидното лице.

Работодавец не може да користи средства од посебниот фонд за вработување на невработено инвалидно лице за кое веше се користени средства за вработување, пред истекот на три години сметано од денот на престанокот на работниот однос на неопределено време.

За инвалидно лице на кое работниот однос му престанал не по негова вина и за кое работодавецот ги повратил средствата во Посебниот фонд, средства за негово повторно вработување може да се користат и пред истекот на рокот од ставот 3 на овој член.

Корисникот на средства за вработување на инвалидно лице кој нема да вработи друго инвалидно лице на местото на инвалидното лице на кое му престанал работниот однос, во смисла на ставот 2 од овој член, или вакво право остварил врз основа на неточни податоци, должен е средствата да ги врати на Посебниот фонд во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на состојбата во цел износ зголемени за банкарска камата на средства по видување.

Ако работодавецот го намалил бројот на вкупно врботените инвалидни лица на неопределено време од денот на влегување во сила на овој закон, а на нивно место прими нови инвалидни лица, не може да користи средства за вработување за новопримените инвалидни лица.

Корисникот на средства од Посебниот фонд набавената опрема не може да ја изнајмува, дава под закуп или да ја оутѓи во рок од три години од денот на добивањето на средствата.

Корисникот на средства од Посебниот фонд доградениот, односно адаптираниот работен простор не може да го изнајмува, да го дава под закуп или да го оутѓи во рок од пет години од денот на добивањето на средтвата".

Член 16

Во членот 18 пред став 1 се додава нов став 1, кој гласи:

"Заводот врши увид во наменското користење на средствата согласно со овој закон"

Ставот 1 станува став 2.

Член 17

Во членот 19 став 2 по зборот "врши" зборот "Републичкиот" се заменува со зборото "Државниот".

Член 18

По членот 20 се додава нов член 20-а кој гласи:

"Член 20-а

Со парична казна од 10.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице доколку постапи спротивно на одредбите од членот 4-а и членот 16-б ставови 1,7 и 8 на овој закон.

Со парична казна од 1.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршокот од ставот 1 на овој член и одговорното лице во правното лице".

Член 19

Во членот 23 по зборот "врши" зборовите: "професија или" се бришат, а по зборот "дејност" се додаваат зборовите: "како трговец-поединец".

Член 20

По членот 25 се додава нов член 25-а, кој гласи:

"Член 25-а

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон постојните самостојни вршители на професија или дејност, се должни да го усогласат своето работење согласно со овој закон и Законот за трговските друштва".

Член 21

Министерот за труд и социјална политика во рок од 60 дена од денот на влегуваето во сила на овој закон ќе го донесе актот од членот 3 на овој закон.

Член 22

Поднесените барања за доделување на средства од Посебниот фонд кои не се решени до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се решаваат според одредбите на овој закон.

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Репбулика Македонија".